Совет на Општина Делчево
Број 09-347/2
26.02.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 20 седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 26.02.2019 година (вторник), во ООУ „Ванчо Прке"-Делчево, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Катица Трајкова Тасева
6. Влатко Величковски
7. Вице Стоиловски
8. Кирил Тренчевски
9. Ванчо Велиновски
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Дијана Јосифовски
13. Билјана Ѓеоргиевска
14. Кристи Стојковски

**Оправдано отсутен:Николчо Ситновски**

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Драган Маневски кој за денешната 20.седница на Советот, го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записникот од 19. седница**

1. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Делчево;
2. Предлог-за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување;

**Образлагач**: Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево.

3. Предлог-Одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување на подрачјето на општина Делчево;

**Образлагач**: Кире Цоневски-Соработник за превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување.

4. Предлог-Одлука за приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;
5. Предлог-Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Делчево во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2);
6. Предлог-Одлука за финансиско учество во проект и давање на приоритетен предлог проект за развој на селата за 2019 година за проектот „делови од улици во с.Град, Општина Делчево";

**Образлгач:** По точките 4,5 и 6-Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.

7. Предлог-Одлука за **изменување** на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година;
8. Предлог-Одлука за **дополнување** на Програмата за изработка на урбанистички планови на

подрачјето на Општина Делчево за 2019 година;

9. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр. 2 по барање на Славчо Мицев;
10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Ристовски;
11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.1 по барање на Ангелчо Пановски;
12. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Зоран Бошначки;
13. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.2 по барање на Цвета Узунска;
14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Мевлида Демирова;
15. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат кафуле зграда бр.1 (сутерен) по барање на Миле Цоневски;
16. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.1 по барање на Миле Цоневски;
17. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Помошен објект зграда бр.2 по барање на Миле Цоневски;
18. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.1 по барање на Лепа Гошевска;
19. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат гаража зграда бр.2 по барање на Лепа Гошевска;
20. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Драган Митевски;
21. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Драган Митевски, помошен објект за селско стопанство зграда бр.2;

Образлагач: По точките од 7 до 21-Горан Петровски-Советник за урбанизам.

22. Предлог-Одлука за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево за учебната 2019/2020;
23. Полугодишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“ во учебната 2018/2019 со Предлог-Заклучок за усвојување;

Образлагач: По точките 22 и 23- Љупчо Прачкоски директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

24. Предлог-Решение за именување на претставници на локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;
25. Предлог-Решение за именување на претставници на локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Свети Климент Охридски“-Делчево;

**Образлагач:** По точките 24 и 25-Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

26. Предлог-Одлука за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во Детска градинка ОЈУДГ – Весели Цветови – Делчево за период од 1.12.2018 до 31.12.2019 година;

**Образлагач:** Ванчо Новоселски-Советник за образование.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 20.седница на Советот.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 19.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 20.седница на Советот на Општина Делчево.

**Прва точка-Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Делчево;**

Образложение по оваа точка поднесе Владимир Мерзликин кој рече дека оваа одлука е изготвена како резултат на препораките на Владата во врска со согласно Амандманите XXXIII, XXXN, XXXV, XXXVI на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите. Според тоа, во Статутот на Општина Делчево треба да се извршат неколку измени, односно секаде каде што пишува „Република Македонија“ треба да стои Република Северна Македонија. Таква потреба има во членовите 2,8, 144 и 145.

Предлагам оваа одлука да биде усвоена од страна на Советот на Општина Делчево, рече В.Мерзликин.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој го праша озбразлагачот на што се повикуваат за измена на Статутот на Општина Делчево, каде се дадени роковите за измена на истиот и дали сето ова не е е преурането и избрзано.

Секретарот рече дека на овие измени не обврзуваат самите амандмани на Уставот кои се цитирани во преамбулата на самата одлука, како и препораките и заклучоците со дадени рокови доставени до општината од страна на Владата на РМ.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општина Делчево.

**Втора точка-Предлог- Одлука за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување;**

Образлагач и по оваа точка беше Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево кој рече дека со оваа одлука Советот на Општина Делчево определува населени места во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за осветлување. Во одлуката која ви е доставена на вас треба да се избришаат Очипала и Чифлик бидејќи во меѓувреме во консултација со Одделението за урбанизам и проверка на документацијата беше утврдено дека и во тие населени места е поставено осветлување. Предлагам оваа одлука со измените на истата да биде донесена од страна на Советот, рече В.Мерзликин.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали има шанси од комуналната такса за јавно осветлување да бидат ослободени иселениците кои поголем дел од годината се во странство?

В.Мерзликин рече дека задолжувањето за комунална такса се врши согласно законот во кој е предвидено дека секој којшто има броило за електрична енергија треба да плаќа комунална такса за јавно осветлување.

Славица Димитрова рече дека можеби нејзиниот предлог не е во врска со точката на дневен ред но на ул.„4 Јули“ значи кај Здравствениот дом воопшто нема јавно осветлување и треба да се реагира односно да се заменат светилките и да има осветлување.

В.Мерзликин рече дека предлогот е во ред и дека лицата задолжени за јавното осветлување

секојдневно се на терен и вршат замена на светилките со цел подобрување на јавното осветлување насекаде низ градот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, претседателот ја затвори расправата по оваа точка и одлуката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување.

Трета точка-Предлог-Одлука за формирање на просторни сили за заштита и спасување на подрачјето на општина Делчево;

Образлагач по оваа точка беше Кире Цоневски-Соработник за превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување кој рече дека о оваа Одлука се формираат Просторни сили за заштита и спасување на подрачјето на општина Делчево кои се формираат со цел за дејствување на подрачјето на општина Делчево заради заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи.Просторните сили за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево се формираат како Универзална единица за заштита и спасување и истата се формира во формација на вод и брои 25 припадници.Составот, материјално-техничкото опремување и обука на припадниците на Единицата ќе се врши согласно Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување .Со Просторните сили командува и раководи Штаб за заштита и спасување формиран со Одлука на Советот на општина Делчево. Исто така тој истакна дека за анажирање на припадниците во Просторните сили и нивната обука следува паричен надомест согласно Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на граѓаните во извршување на должностите во Просторните сили за заштита и спасување при општина Делчево бр. 09-599/1 од 30.03.2018 година објавена во „Сл.гласник на општина Делчево бр.5 од 03.04.2018 година.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која праша дали ваква одлука имало и порано и кога лицата ќе почнат со обуки бидејќи реално може да е јави потреба од нивна интервенција во било кое време?

К.Цоневски рече дека порано имало таква одлука но според укажувањата на Дирекцијата за заштита и спасување потребно е да се донесе нова одлука и од тие причини е изготвена оваа одлука и дека најверојатно од месец април ќе почнат обуките.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на просторни сили за заштита и спасување на подрачјето на општина Делчево.

Четврта точка-Предлог-Одлука за приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;

Точката ја образложи Т.Стоименовски кој рече дека Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот Изградба на дел од локален пат Л-10 отклон од пат М-5(нова ознака А3) – Илиово-Турија (делница од с.Турија – с.Трстија).Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа на Р.Македонија, Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2019 година. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 3.081.760.69 денари. За реализација на проектот „Изградба на дел од локален пат Л-10 отклон од пат М-5 (нова ознака А3) – Илиово-Турија (делница од с.Турија – с.Трстија)“во должина од 500 метри потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.

Станува збор за 500 м должина и јас се надевам дека оваа година ќе го завршиме овој проект, рече Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;

**Петта точка-Предлог-Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Делчево во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2);**

Точката ја образложи Т.Стоименовски кој рече дека со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Делчево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за подзаем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги (ИБРД – 8156 МК) финансиран од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на 32.252.287.42 или со зборови (триесет и два милиони двесте педесет и две илјади двесте осумдесет и седум денари), а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект: "Подобрување на јавните општински услуги во општина Делчево" во чии рамки се под-проектите кои се наведени во член 1 на оваа одлука.Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП 2), финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка под следниве услови:каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон, рок на отплата: 13 години и грејс период: до 3 години Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.09.2033 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која праша колку ќе изнесува каматната стапка?

Т.Стоименовски рече дека каматната стапка е по стандарди на Светска банка, т.е. шест месечен EURIBOR со варијабилен распон, каматата не е поголема од 2% со греј пеиод од 3 години, за 20 милиони денари задолжување каматата би била 1,5 милиони денари. На оваа сума задолжување ние имаме грант од 20% што значи дека камата не би била поголема од грантот туку би била „нула“, рече Т.Стоименовски.

Славица Димитрова праша што конкретно ќе се прави на ул. „М.Тито“, „В.Јоциќ“ и ул.„7“?

Т.Стоименовски рече дека на сите улици ќе се прави целосна реконструкција, со пропусти и сите други потребни работи.

Драган Маневски праша каде се наоѓа улица „7“?

Т.Стоименовски рече дека таа е продолжение на ул. „Орце Николов“ и се наоѓа во населбата Шумски Расадник.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше зтворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за долгорочно домашно задолжување на општина Делчево во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2).

**Шеста точка-Предлог-Одлука за финансиско учество во проект и давање на приоритетен предлог проект за развој на селата за 2019 година за проектот „делови од улици во с.Град, Општина Делчево“;**

И оваа точка ја образложи Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР кој рече дека со оваа Одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „ Делови од улици во с.Град, општина Делчево”. Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа на Р.Македонија, Биро за регионален развој, а по програмата за развој на селата за 2019 година. За реализација на проектот „Делови од улици во с.Град, општина Делчево”. потребно е да се обезбеди буџет од 4.327.074.16 денари од кои 50% ќе бидат обезбедени од буџетот на општина Делчево како финансиско учество во проектот.Средствата во висина од 50% потребни за реализација на проектот „ Делови од улици во с.Град, општина Делчево” ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на селата за 2019 година.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиско учество во проект и давање на приоритетен предлог проект за развој на селата за 2019 година за проектот „делови

од улици во с.Град, Општина Делчево.

**Седма точка-Предлог-Одлука за изменување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа е предлог за иамена на Птрограмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година која беше донсена од страна на Советот на претходната седница, а причина за изменувањето на точката 7 е грешка во опфатот на планот. Со оваа одлука предлагаме точката 7 (која се однесува на опфатот на планот) од претходно донесената Програма **целосно да се измени и да гласи:„**Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок 1,4измена и дополна со граници:

- југозапад по осовина на ул.,, ММ Брицо,,
- северозападпо осовина на новопроектирана ул. бр.1.

-североисток по осовина на новопроектирана ул. 5 преку пешачка улица до спој со новопроектирана ул. бр.2

-од спој со улица бр2 на југоисток до спој со ул. „ММ Брицо“

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изменување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година

**Осма точка-Предлог-Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува на дополонување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година, на предлог на Градоначалникот во оваа Програма се додава нова точка, имено:Во поглавјето „Урбанистички планови за град Делчево“ по точката 13 се додава една нова точка – точка 14, која гласи: Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 3.2 измена и дополнување од ГУП Делчево - Општина Делчево., се донесува на локација за детска градинка во населба „Стар расадник“.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2019 година.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр. 2 по барање на Славчо Мицев;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука е за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат. Станува збор за станбена куќа зграда бр. 2 по барање на Славчо Мицев;

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр. 2 по барање на Славчо Мицев;

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Звонко Ристовски**;

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука е за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр. 1 по барање на Звонко Ристовски;

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од

донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр. 1 по барање на Звонко Ристовски.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.1 по барање на Ангелчо Пановски;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука е за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр. 1 по барање на Ангелчо Пановски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр. 1 по барање на Ангелчо Пановски.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Зоран Бошначки;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука е за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр. 1 по барање на Зоран Бошначки.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфатстанбена куќа зграда бр. 1 по барање на Зоран Бошначки.

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.2 по барање на Цвета Узунска;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука е за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат. Станува збор за викенд куќа зграда бр. 2 по барање на Цвета Узунска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр. 2 по барање на Цвета Узунска.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Мевлида Демирова;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Мевлида Демирова.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станебена куќа по барање на Мевлида Демирова.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат кафуле зграда бр.1 (сутерен) по барање на Миле Цоневски;**

Оваа и наредните две точки **(16 и 17)** ги образложи Г.Петровски кој рече дека се, однесуваат на ист

Барател Миле Цоневски за три објекти кафуле, викенд куќа и помошен објект зграда бр.2

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, распаравата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат кафуле зграда бр.1 (сутерен) по барање на Миле Цоневски;

На гласање беше ставена и **16. точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.1 по барање на Миле Цоневски**;

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански викенд куќа зграда бр.1 по барање на Миле Цоневски;

На гласање беше ставена и **17.точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Помошен објект зграда бр.2 по барање на Миле Цоневски**;

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат Помошен објект зграда бр.2 по барање на Миле Цоневски;

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.1 по барање на Лепа Гошевска;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.1 по барање на Лепа Гошевска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа зграда бр.1 по барање на Лепа Гошевска.

**Деветнаесетта седница-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат гаража зграда бр.2 по барање на Лепа Гошевска;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат гаража зграда бр.2 по барање на Лепа Гошевска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат гаража зграда бр.2 по барање на Лепа Гошевска.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Драган Митевски;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Драган Митевски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански

опфат ст.куќа зграда бр.1 по барање на Драган Митевски.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Драган Митевски, помошен објект за селско стопанство зграда бр.2;**

Образлагач и по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам кој рече дека оваа одлука се однесува за помошен објект за селско стопанство на истиот барател Драган Митевски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа зграда бр.1 по барање на Драган Митевски, помошен објект за селско стопанство зграда бр.2;

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2019/2020;**

Точката ја образложи Љупчо Прачкоски директор на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево кој рече дека со оваа одлука се усвојува Предлог-Планот за запишување на ученици
во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2019/2020 со следните образовни струки и образовни профили:

| Вид на образование | Вкупно паралелки | Вкупно ученици | Паралелки на мак.наст.јазик | Ученици на мак.наст.јаз. |
|---|---|---|---|---|
| а) Гимназиско образование вкупно | 5 | 170 | 5 | 170 |
| б) Стручно образование (во четиригодишно траење) | 3 | 102 | 3 | 102 |
| Струка | Образовен профил | | | |
| 1) Текстилно-кожарска | Техничар за изработка на облека 1 | 34 | 1 | 34 |
| 2) Текстилно-кожарска | Техничар за моделирање на облека 1 | 34 | 1 | 34 |
| 3) Хемиско-технолошка | Прехрамбен техничар 1 | 34 | 1 | 34 |
| в) Стручно образование во тригодишно траење | / | / | / | / |
| | | | | |
| | | | | |
| Вкупно (а+б+в) | 8 | 272 | 8 | 272 |

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Билјана Ѓеорѓиевска која праша колку ученици се запишани во прва година во стручните паралелки?

Љ.Прачкоски рече дека во стручните параелки се запишани 18 ученика.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево за учебната 2019/2020;

**Дваесет и трета точка-Полугодишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“ во учебната 2018/2019 со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Љупчо Прачкоски директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

Во врска со оваа точка директорот рече дека нема да го образложуваа она што е напишано во полугодишниот извештај туку во неговото образложение ќе стави акцент на работи кои не се напишани во самиот извештај. Тој истакна дека во извештајниот период сите проблеми во гимназијата биле решавани заеднички, со комуникација помеѓу колегите професори и со вложување на масимални напори за подобрување на меѓучовечките односи кои биле доста нарушени во изминатите неколку години. Се направиле многу напори од негова страна како директор за почитување на сечие мислење, вклучување на ученичката заедница и Советот на одители во решавање на актуелни проблеми и прашања поврзани со работа насамото училиште. Во периодот е забележено подобрување на дисциплината кај ученицит, подигањњ на нивото на хигиената и кај наставниците и кај учениците и намалување на бројот на изостаноци благодарени на некои мерки кои што биле преземени.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша во која насока се подобрени меѓучовечките односи и комуникацијата помеѓу наставниот кадар, како и на кој начин е подобрена хигиената во училиштето? Тој праша дали директорот може конкретно да му одговори или тоа се негови паушални изјави.

Љ.Прачкоски рече дека не се паушални изјавите, факт е дека ноза години наназад беа нарушени до таа мера што меѓу повеќе професори немало воопшто никаква комуникација. Моја интенција беше дека како директор мора да направам се да ги подобрам тие односи колку што може повеќе, се разбира различни ставови и милсења има и треба да има, но кога се дискутира за нешто да нема меѓусебни навреди и омаловажувања, да се полемизира на повисоко ниво. Исто така и за хигиената настојуваме да ја подобриме што повеќе.

Славица Димитрова праша дали се презема нешто за малиот одзив на родителите на родителските средби и дали има направено анализа колкав е одзивот?

Директорот рече дека навистина е мал одзивот на родителските средби и покрај настојувањето од страна на училиштето, настојуваме преку Советот на родителите да го надминеме и тој проблем.

Катица Трајкова Тасева рече дека во однос на хигиената има забелешка бидејќи се уште ходниците се чистат со стари џогери, истите треба да се заменат со нови џогери и да се употребуваат средства за дезинфекција бидејќи се забележани случаи на шуга. Исто така таа рече дека треба да се забрани употребата на мобилни телефони за време на часовите и да се направат напори за набавка на униформи.

Директорот рече дека точно дека хигиената се уште се одржува со тие стари џогери но исто така се користат средства за дезинфекција. Мора да се покачи свеста кај учениците. Мобилните телефони исто така се проблем за кој постојано дискутираме, има колеги кои дозволуваат на нивните часови да се користат мобилни телефони. За униформите сме дискутирале многу пати,мора да се најде консензус и со Советот на родителите, сами како училиште не можеме да донесема ваква одлука иако имаме можности сами да ги изработиме.

Билјана Ѓеоргиевска рече дека предлогот за набавка на униформи е добар и дека околку 1400 денари годишно не би биле проблем за родителите. Идејата е добра и треба да се прифати, рече таа.

Влатко Величковски рече дека за користење на мобилните телефони за време на часови решение е набавка на блокатор на мобилна мрежа. Идејата за униформите е добра за око, но може да претставува проблем за некои родители.

Љ.Прачкоски рече дека можеби уште од осмолетките треба да се почне со користењето на униформите за да учениците стекнат навика и да не им претставува проблем. Тој го праша директорот дали може да се санира патеката на игралиштето над гимназијата и истата да се осветли?

Дијана Јосифовски праша колку родителски средби се свикуваат годишно и истакна дека подобро би било да се свикуваат родителите на секој ученик посебно и да се разговара за проблемите доколку ги има нивното дете .

Љ.Прачкоски рече дека веќе се работи на санирање и осветлување на патеката заедно со Локалната самоуправа. Во врска со прашањето и предлогот на Д.Јосифовски тој рече дека има 2 основни родителски средби кои се задолжителни и кои мора да се направат и дека доколку има потреба се свикува родителот на некој ученик и се разговара за евентуалниот проблем (успех, дисциплина, поведение и сл.)

Бидејќи њикој друг не се јавуваше за збор расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо" во учебната 2018/2019.

**Дваесет и четврта точка-Предлог-Решение за именување на претставници на локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево;**

Точката ја образложи Драган Маневски претседател на Советот и на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања, кој рече за претставници на Локалната самоуправа во УО на ООУ „В.Прке" се предлагаат Игор Жежовски и Стефанија Стојчевска вработени во општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој го праша претседателот на Советот по кои критериуми се избрани лицата?

Претседателот на Советот рече дека лицата во УО на ООУ „В.Прке" се предлог на Градоначалникот и во консултации со директорите на училиштата.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на претставници на локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево.

**Дваесет и петта точка-Предлог-Решение за именување на претставници на локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Свети Климент Охридски"-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека за претставници на локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Свети Климент Охридски"-Делчево се предлагаат Снежана Трајкова и Влатко Мицевски.

**Дваесет и шеста точка-Предлог-Одлука за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во Детска градинка ОЈУДГ – Весели Цветови – Делчево за период од 1.12.2018 до 31.12.2019 година**;

Образлагач по точката беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој рече дека со оваа одлука Советот на Општина Делчево донесува Одлука *за* ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во детска градинка ЈОУДГ – Весели Цветови – Делчево за период од 1.12.2018 до 31.12.2019 година. Имено,Министерството за труд и социјална политика и Ромскиот Едукативен Фонд – Будимпешта имаат склучено Договор за поддршка и имплементација на Проектот ,, Инклузија на деца Роми во Јавни Општински установи – Детски градинки," бр. 14-11731/2 од 19.12.2018 година, проектен код МАС 103.

Исто така е склучен и трипартитен Договор за соработка за поддршка на Проектот ,, Вклучување на деца – Роми во Јавните општински установи – Детски градинки во Република Македонија помеѓу Министерство за труд и социјална политика,Општинска јавна установа за деца – Детска градинка ,, Весели цветови,, Делчево и Општина Делчево.

Врз основа на Заклучок на Владата на Република Македонија од 28.12.2018 година, Министерството за труд и социјална политика достави Барање/Известување од бр. 08-219/1 од 31.01.2019 година со кое бара Советот на Општина Делчево да донесе донесе Одлука за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во детска градинка ЈОУДГ – Весели Цветови – Делчево за период од 1.12.2018 до 31.12.2019 година.

Имајќи го предвид горенаведеното беше изготвена оваа Одлука која Ви е доставена и бараме истата да

биде донесена, рече В.Новоселски.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Сашко Ивановски кој праша дали градинката ќе добива некаков надоместок за тие деца?

В.Новоселски рече дека согласно потпишаниот договор 10 деца ќе бидат финансирани од МТСП и РЕФ, 3 од ЕЛС Делчево и 2 од ОЈУДГ „Весели Цветови“.

Сашко Иваносвки предложи да се размисли и да бидат ослободени од партиципација деца на социјално загрозени семејства од македонска националност ( од с.Бигла и од др.села). Нема многу такви деца, би било добро да се ослободат и тие од партиципација, а средствата да бидат од Буџетот на општина Делчево.

Драган Маневски рече дека предлогот е добар и треба да се размисли, да се направи анализа, да се види за колкав број на деца станува збор и колку средства би биле потребни за таа цел.

Јулија Крстевска праша дали тоа ослободување од партиципација се однесува на моменталната бројка на деца илина сите кои ќе бидат згрижени во детската градинка до крајот на 2019 година?

В.Новоселски рече дека стеанува збор за 15 деца и одлуката се однесува на 15 деца.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, советот на општина делчево ја донесе Одлуката за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години за престој во Детска градинка ОЈУДГ – Весели Цветови – Делчево за период од 1.12.2018 до 31.12.2019 година;

со исцрпувањето на Дневниот ред 20.седница на Советот на општина Делчево заврши со работа во 15.30 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски